## Огласи

### МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

Врз основа на Одлуката за основање на Комисија за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права бр. 50-2529/5 од 25 март 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 67/25 и 72/25), а во врска со член 22 од Протоколот број 11 кон Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи, со кој се менува механизмот за контрола утврден со Конвенцијата за човекови права, Комисијата за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права, објавува

### ЈАВЕН ОГЛАС
### ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТИ ЗА СУДИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Комисијата за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права ќе врши избор на тројца кандидати за судија на Република Северна Македонија во Европскиот суд за човекови права.

Кандидатите мора да ги исполнуваат минимум следните услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија;
- Да уживаат висок морален углед;
- Да ги исполнуваат условите неопходни за вршење на високи судски функции или да бидат правни стручњаци со призната компетентност (минимум 12 годишно искуство во соодветната професија);
- Да бидат помлади од 65 години;
- Да имаат искуство во областа на човековите права;
- Активно (ниво Ц) да го владеат едниот а пасивно (ниво А) другиот службен јазик на Совет на Европа (англиски и француски);

Со цел докажување на горенаведените услови, кандидатите се должни да ги достават следните документи:

- Уверение за државјанство на Република Северна Македонија;
- Соодветно пополнет curriculum vitae чиј образец е објавен на веб-страниците на Министерство за надворешни работи и надворешна трговија: www.mfa.gov.mk, Министерство за правда: www.pravda.gov.mk, Врховниот суд на Република Северна Македонија: http://www.vsrm.mk/wps/portal/vsrm/sud/, Уставниот суд на Република Северна Македонија: www.ustavensud.mk, Совет на Јавни Обвинители на Република Северна Македонија: www.sjorm.gov.mk и Судскиот совет на Република Северна Македонија: http://www.vsrm.mk/wps/portal/ssrm/sud/oglasi (кандидатите се должни да го пополнат образецот на македонски јазик и на еден од двата странски јазици - англиски или француски);
- Мотивационо писмо на македонски јазик и на еден од двата странски јазици (англиски или француски);
- Референци од соодветни здруженија, комори и други стручни академски тела од соодветната струка на која професионално припаѓаат (во зависност дали се работи за кандидат со искуство како судија, јавен обвинител, адвокат, професор и сл.), а со што ќе се утврдува исполнетоста на условот „висок морален углед“;
- сертификат за познавање на странските јазици (англиски и француски) минимум ниво Ц за јазикот кој активно го владеат и минимум ниво А за јазикот кој пасивно го владеат.

Рок за пријавување на заинтересираните кандидати: 15 дена од денот на објавувањето на овој Оглас во Службен весник на Република Северна Македонија.

Заинтересираните кандидати се должни да ги достават потребните документи во архивата на МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ и НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА, на следната адреса: булевар „Филип Втори Македонски“ бр. 7, 1000 Скопје (со назнака „за оглас за избор кандидати за судија на Република Северна Македонија во Европскиот суд за човекови права“), или електронски, на следната електронска адреса: konkurs.ECHR@mfa.gov.mk .

По истекот на рокот за пријавување на заинтересираните кандидати, Комисијата за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права ќе изврши првична селекција. Ненавремените и нецелосните апликации нема да се земат во предвид. Само кандидатите кои што ќе ја поминат првичната селекција ќе бидат повикани на интервју.

## ЈАВНИ НАБАВКИ

### ОГЛАС
### ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Број на оглас: 06699/2025**

ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

**I.1.1) Назив на договорниот орган: ЈЗУ Клиничка болница - Тетово**

I.1.2) Адреса: ул. „29-ти Ноември“ бр.16

I.1.3) Град и поштенски код: Тетово - 1200

I.1.4) Интернет адреса:

I.1.5) Лице за контакт: Медиџеват Мухареми, адреса на е-пошта: muharemix@hotmail.com телефон/факс: 044 362 506/

I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат: на горната адреса

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – член 9, став 1, алинеја б) од Законот - Здравство

ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**II.1) Предмет на договорот за јавна набавка: Тонери и рибони**

II.1.1) Објавување на проценета вредност: Не

II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Стоки - Купување со одложено плаќање

II.2.1) Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите:

II.3) Секторски договор: Не

II.4) Централно тело: Не

II.5) Групна набавка Не

II.6) Електронски каталог: Не

II.7) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка:

II.8) Заеднички поимник за јавни набавки: Да

Основен предмет на јавната набавка-Главен поимник

Шифра Опис

30125100-2 - Тонери - кертриџи

II.9) Делива набавка: Да

Број на делови за кои можат да се поднесат понуди: Сите делови

Дел број. Опис на делот за набавка

1. Тонери за" HP “или еквивалентно“
2. Тонери за XEROX или еквивалентно
3. Тонери за Samsung или еквивалентно